БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2023 година

Јануари 2024 година

Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2023 година е изработен врз основа на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешки план и годишен план за работа („Службен весник на Република Македонија” број 131/18).

Со Годишниот план на Бирото за развој на образованието 2023 се операционализирани мерките и активностите од првата година содржани во Стратешкиот план на Бирото 2023-2025 година кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Бирото и стратешките приоритети и цели на МОН и на Владата на РСМ. Оттаму, извештајот содржи преглед на постигнатите резултати на Бирото од спроведувањето на програмата, потпрограмите, мерките и активностите од тековното работење и на планираните но нереализираните мерки и активности со образложение на нивно неспроведување.

Во функција на зголемување на отчетноста и транспарентноста во работењето на Бирото како и известувањето на постигнатите резултати, со овој извештај се обезбедува конкретен увид на реализацијата на програмата и потпрограмите од Годишниот план за работа за 2023 година на нашата институција.

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2023 година беше изработен во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука, а следствено на тоа и со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година (Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2023 година, „Службен весник на РСМ“, бр. 122 од 30.05.2022 година), а во согласност со Стратешкиот план на Бирото за 2023-2025 година (01-348/2 од 08.02.2023) и Сеопфатна стратегија за развој на образованието 2018-2025 година.

- Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2023 година „подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот“.
- Приоритетните цели содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2023 година „развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за потребите на пазарот на трудот, воспитан за почитување на граѓанските права, меѓусебната толеранција и развој на мултикултурализмот и интеркултурализмот“.
- Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:
    - унапредување и развој на воспитно - образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;
    - зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;
    - унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците;
    - решавање на имотно-правните односи на Бирото за развој на образованието.

Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:

- да се имплементираат реформите во основното образование согласно Концепцијата за основно образование.
- да се развијат национални образовни стандарди и наставни програми и наставни планови за средното образование;
- да се имплементира Концепцијата за инклузивно образование;

- да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар;
- да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој.
-

Со Стратешкиот план на Бирото за 2023-2025 година, предвидено е да се имплементира 1 програма со 7 потпрограми, кои се посветени на подобрување на квалитетот на предучилишното, основното и средното образование.

За програмата и за секоја од предвидените потпрограми , кои пак иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2023 година ги дефинира потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

1. Стандарди за предучилишно образование
2. Стандарди, наставни планови и програми за основно образование
3. Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко – информатичка гимназија)
4. Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование
5. Континуиран професионален развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование
6. Следење и (само)евалуација на постигањата на училиштата
7. Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

*2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмата и потпрограмите од Стратешкиот план:*

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | Стратешкиот приоритет на Владата:<br>• Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот“.<br>Приоритетна цел на Владата:<br>- развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за потребите на пазарот на трудот, воспитан за почитување на граѓанските права, меѓусебната толеранција и развој на мултикултурализмот и интеркултурализмот. |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на Бирото за развој на образованието:** | Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:<br>• унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;<br>• зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;<br>• унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците.<br>Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:<br>- да се имплементираат реформите во основното образование согласно Концепцијата за основно образование.<br>- да се развијат национални образовни стандарди и наставни програми и наставни планови за средното образование;<br>- да се имплементира Концепцијата за инклузивно образование;<br>- да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар; |

| | | |
|---|---|---|
| | - да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој. | |
| **Назив на програмата:**<br><br>КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | **Цел на програмата:**<br><br>**Подобрен квалитет на знаењата на децата и учениците** | **Одговорен:**<br><br>• **Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми**<br>• **Сектор за истражување во образованието**<br>• **Сектор за професионален развој на воспитно образовниот кадар и советодавна стручна работа**<br>• **Сектор за следење и евалуација на постигнувањата на учениците и наставниците**<br>• **Сектор за издавачка дејност** |

| Назив на потпрограмата 1:<br><br>Стандарди за предучилишно образование | | Цел на потпрограмата:<br><br>Унапредување на квалитетот на предучилишното образование | Одговорен:<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Реализирани обуки за воспитно-образовниот кадар за теми поврзани со воспитно-образовниот процес согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во предучилишно образование. | 30 кандидати се обучени со цел да полагаат за стекнување на лиценца за директори на детски градинки;<br><br>1 советник од Бирото за развој на образованието се стекна со сертификат за лиценциран мастер обучувач за примена на алатката MELQO во потсистемот на предучилишно образование и воспитание;<br>Обучени се 20 стручни соработници од детските градинки за примена на алатката MELQO за мерење на квалитетот за раното учење и развојот на децата во потсистемот на предучилишното образование и воспитание. | Обучените кандидати добиваат потврда за завршена обука, како услов за полагање за стекнување на лиценца за директор.<br><br>Обучениот советник ќе реализира обука за 20 стручни работници од детските градинки за примена на алатката MELQO во потсистемот на предучилишното образование и воспитание.<br><br>Обучените стручни работници ќе ги искористат стекнатите знаења во реализација на главното истражување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за мерење на квалитетот на раното учење и развојот на децата во јавните детски градинки, преку примена на алатката MELQO. | |
| **2.** Спроведено главното истражување за мерење на квалитетот и средината за рано учење и развој - Примена на целосниот инструмент MELQO. | Во декември 2023 година започнато е истражувањето за мерењето на квалитетот на раното учење и развојот на децата во јавните детски градинки. | Добиените резултати ќе се користат за планирање на идните мерки и активности за подобрување на квалитетот во рамките на потсистемот на предучилишното образование. | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2023** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Работилница за воспитувачи од детските градинки од Скопје на тема „Детски играчки -здравјето и безбедноста на децата“, согласно планираните активности на Бирото за развој на образованието во Програмата за заштита на потрошувачите за 2023 година. | Обучени се 46 воспитувачи од детски градинки на град Скопје. | Обучените воспитувачи се запознаа со правата на потрошувачите коишто се загарантирани со Законот за заштита на потрошувачите, како и за постапката за остварување на заштитата на правта на потрошувачите, односно за користењето на играчките во едукативниот процес, но и за правилниот избор на детска играчка која што не ја загрозува безбедноста и здравјето на децата. | |
| 2. Реализирање на мониторинг во јавните детските градинки. | Советниците за предучилишно воспитание и образование во Бирото за развој на образованието во соработка со Секторот за | Добиените податоци ќе се користат за унапредување на Програмата за рано учење и развој, планирањето и реализацијата на воспитно- | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | заштита на децата при МТСП и педагошките факултети од државата реализираа мониторинг во 30 детски градинки во државата. | образовните активности, ревидирање на педагошката евиденција и документација во детските градинки, како и за планирање на професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во детските градинки. | |
| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **НЕМА** | | | |

| **Назив на потпрограмата 2:** **Стандарди, наставни планови и програми за основно образование** | | **Цел на потпрограмата:** **Унапредување на квалитетот на основното образование** | **Одговорен:** Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Изработени нови наставни програми базирани на националните стандарди со резултати од учење по наставните предмети од шесто до деветто одделение согласно | - Изработени наставни програми за VI (шесто) одделение по наставните предмети: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик, Босански јазик, Македонски јазик | Наставата во III (трето) и VI (шесто) одделение од учебната 2023/24 се реализира според новите наставни програми базирани на новите стандарди за постигнување на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставниот план за основно образование од Концепцијата за основно образование 2021. | за учениците од другите заедници, Математика, Англиски јазик, Природни науки, Историја и општество, Техничко образование и информатика, Музичко образование, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование, Француски јазик, Германски јазик, Италијански јазик, Руски јазик, Албански јазик (изборен предмет);<br><br>- Изработени наставни програми за VII (седмо) одделение по наставните предмети: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик, Босански јазик, Македонски јазик за учениците од другите заедници, Математика, Англиски јазик, Природни науки, Историја и општество, Техничко образование и информатика, Музичко образование, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование, Француски јазик, Германски јазик, Италијански јазик, Руски јазик, Албански јазик (изборен предмет). | учениците и концепцијата за основно образование.<br><br>Материјалите за учење на содржините согласно наставните програми по предметите во трето и во шесто одделение се користеа/-ат во наставата во учебната 2023/2024 година.<br><br>Прирачниците за наставници со материјалите за учење на содржините согласно наставните програми по предметите Музичко образование, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование и Техничко образование и информатика во трето и во шесто одделение се користат во наставата од учебната 2023/2024 година.<br><br>Наставата во VII (седмо) одделение од учебната 2024/25 ќе се реализира според новите наставни програми базирани на новите стандарди за постигнување на учениците и концепцијата за основно образование. | |
| 2. Изработени наставни планови согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на | - Донесен нов наставен план за основното образование за учебната 2023/2024 година; | Наставата се реализира според новиот наставен план и новите наставни | 1. Изработени наставни планови согласно барањата на Владата, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| воведување на реформите во основното образование. | - Донесен нов наставен план за основното образование за учебната 2024/2025 година;<br><br>- Донесени Наставни планови од I до IX одделение за ученици со оштетен вид, оштетен слух, пречки во психичкиот развој (интелектуална попреченост), мултихендикеп и аутизам во основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето во учебната 2023/24 година. | програми во I, II, III, IV, V и VI одделение.<br><br>Наставата ќе се реализира според новиот наставен план и новите наставни програми во I, II, III, IV, V, VI и VII одделение.<br><br>Наставата во учебната 2023/24 година од прво до шесто одделение се реализира според новите наставни планови согласно новата концепција за ученици со оштетен вид, оштетен слух, пречки во психичкиот развој (интелектуална попреченост), мултихендикеп и аутизам.<br><br>Обезбедени се услови за реализација на наставата според новите наставни планови за ученици со оштетен вид, оштетен слух, пречки во психичкиот развој (интелектуална попреченост), мултихендикеп и аутизам. | МОН и динамиката на воведување на реформите во основното образование. |
| 3. Реализирани обуки со воспитно-образовниот кадар од основните училишта за новите наставни програми и други теми поврзани со воспитно-образовниот процес согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во основното образование. | - Изработен модул за реализација на обуки за сите наставници коишто реализираат настава во IV (четврто) одделение на основното образование;<br><br>- Изработен модул за реализација на обуки за сите наставници коишто реализираат настава во VI | Согласно изработените модули се реализираа обуки на наставниците коишто реализираат настава во IV (четврто) и VI (шесто) одделение согласно новите наставни програми и новата концепција за основното образование.<br><br>Обуки за планирање и реализација на наставата согласно наставните | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (шесто) одделение на основното образование;<br><br>- Обучени 30 обучувачи советници од БРО и 6 обучувачи надворешни соработници – обука за планирање и реализација на новите наставни програми за VI (шесто) одделение;<br><br>- Обучени **1958** одделенски наставници коишто реализираат настава во IV (четврто) одделение во учебната 2023/2024 година, вклучително и наставниците од одделенска настава кои претходно не следеле обука, за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми;<br><br>- Обучени **4877** предметни наставници коишто реализираат настава во VI (шесто) одделение во учебната 2023/2024 година за новата концепција за основно образование и за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми; | програми за IV (четврто) одделение - **1958** обучени наставници.<br><br>Обучените одделенски наставници ја реализираат наставата според новата концепција за основно образование и новите наставни програми за IV (четврто) одделение во учебната 2023/24 година.<br><br>Обуки за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми за VI (шесто) одделение - **4877** обучени наставници од кои **3831** обучени настаници кои изведуваат настава на македонски јазик, турски јазик, српски јазик, односно босански јазик, **1029** обучени настаници кои изведуваат настава на албански јазик и **17** обучени наставници кои изведуваат настава по предметот турски јазик.<br><br>Обучените предметни наставници ја реализираат наставата според новата концепција за основно образование и новите наставни програми за VI (шесто) одделение во учебната 2023/24 година.<br><br>Обучениците наставници се стекнаа со компетенции за реализација на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Во тек се обуки за медиумска писменост на наставниците од одделенска настава и предметните наставници кои реализираат настава по мајчин јазик; Обучени се **5300** наставници на оваа тема;<br><br>- Обучени 21 наставник од основни училишта за реализација на наставата по предметот Иновации во IX (деветто) одделение на основното образование. | подрачјето *Медиумска писменост и медиумска култура* од наставните програми по мајчините јазици во одделенска и предметна настава.<br><br>Обучените наставници се стекнаа со сертификат за завршена обука за иновации и претприемништво со кој, согласно нормативот за наставен кадар, можат да ја реализираат наставата по предметот Иновации во IX (деветто) одделение на основното образование. | |
| 3. Изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи за основното образование согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во основното образование. | - Изработени *Насоки за планирање, организација и реализација на наставата од 1. до 6. одделение во основното образование во учебната 2023/24 година*;<br><br>- Изработени *Насоки за планирање, организација и реализација на дополнителната и додатната настава од 1. до 6. одделение во основното образование во учебната 2023/24 година.* | Успешна организација и реализација на наставата од прво до шесто одделение во основното образование во учебната 2023/24 година.<br><br>Успешна организација и реализација на дополнителната и додатната настава од прво до шесто одделение во основното образование во учебната 2023/24 година. | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2023** | | | |

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| НЕМА | | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| НЕМА | | | |

| **Назив на потпрограмата 3:**<br><br>**Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко – информатичка гимназија)** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Унапредување на квалитетот на средното образование** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Изработени нови наставни програми согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование. | - Изработени наставни програми по наставните предмети (задолжителни и изборни) за IV (четврта) година од математичко-информатичката гимназија, задолжителни: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Македонски јазик за | Наставата во IV (четврта) година во математичко-информатичката гимназија се реализира согласно новите наставни програми. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учениците од другите заедници, Англиски јазик, Физика, Спорт и спортски активности, Алгебра, Геометрија, Математичка анализа, Програмирање, Информатика и Бази на податоци, и изборни: Примена на математиката во природните науки, Примена на математиката во економијата, Веројатност и статистика, Веб-програмирање и Програмски парадигми;<br><br>- Изработени наставни програми по предметот Турски јазик и литература за I, II, III и IV година од четиригодишното средно стручно образование;<br><br>- Изработена наставна програма по наставниот предмет Англиски јазик за V година за ученици со оштетен слух во средно стручно образование со петгодишно траење;<br><br>- Изработени нови испитни програми по општообразовните предмети: Македонски јазик и литература за полагање државна матура во гимназиско, уметничко и средно стручно образование, Албански јазик и литература за | Наставата по наставниот предмет Турски јазик и литература во I, II, III и IV година во четиригодишното средно стручно образование се реализира согласно новите наставни програми.<br><br>Наставата по наставниот предмет Англиски јазик во V година за ученици со оштетен слух во средно стручно образование со петгодишно траење се реализира согласно новата наставна програма.<br><br>Државната матура, училишната матура и завршниот испит се реализираат согласно новите испитни програми за соодветните наставни предмети. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | полагање државна матура во гимназиско, уметничко и средно стручно образование, Турски јазик и литература за полагање државна матура во гимназиско, уметничко и средно стручно образование, Македонски јазик и литература за полагање училишна матура во гимназиско, уметничко и средно стручно образование, Албански јазик и литература за полагање училишна матура во гимназиско, уметничко и средно стручно образование, Турски јазик и литература за полагање училишна матура во гимназиско, уметничко и средно стручно образование, Македонски јазик и литература за полагање завршен испит во стручното образование, Албански јазик и литература за полагање завршен испит во стручното образование и Турски јазик и литература за полагање завршен испит во стручното образование;<br><br>- Ревидирање, изменување и дополнување на наставни планови од средното стручно образование (двегодишно, тригодишно, четиригодишно, дуално). | <br><br>Наставата во средното стручно образование се реализира согласно новите наставни планови. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. Изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи за средното образование согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование | - Изработени тест по математика и тест по физика за приемен испит во Математичко-информатичката гимназија;<br><br>- Изработени два теста за квалификационо тестирање по наставниот предмет биологија и наставниот предмет хемија за упис на учениците во здравствена струка на четиригодиш-ното средно стручно образование во учебната 2023/2024 година;<br><br>- Изработен предлог нов Закон за средно образование. | Спроведен приемен испит во Математичко-информатичката гимназија за учебната 2023/2024 година.<br><br>Спроведено квалификационо тестирање по предметите биологија и хемија во СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ – Скопје за упис на учениците во здравствена струка на четиригодишното средно стручно образование во учебната 2023/2024 година.<br><br>БРО активно учествуваше во изработувањето на новиот Закон за средно образование. | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2023** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| НЕМА | | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1. Изработени национални стандарди за компетенциите што треба да ги поседуваат учениците на крајот од средното образование. | Мерката не е реализирана бидејќи треба да се донесе новиот Закон за средно образование. | Доцнење со реформите во средното образование согласно Стратегијата за образование 2018-2025. | |

| Назив на потпрограмата 4:<br><br>**Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Анализа и утврдување на напредокот во воспитно-образовниот процес на теми согласно актуелните реформски процеси** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за истражување во образованието |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Анализирани учебници, стручна литература, и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование | Од страна на формираните комисии со решение изготвени се стручни мислења за сите учебници за кои е доставено барање од страна на Педагошка Служба и тоа: учебници по македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик и босански јазик за трето и шесто одделние, математика за трето и шесто одделние, општество за трето одделение и историја и општество за шесто одделние, природни науки за трето и шесто одделние.<br>По барање од МОН изготвени се стручни мислења за ракописи за учебници за стручни наставни | Врз основа на доставеното мислење Педагошка служба , МОН одобри учебници за наставните предмети во трето и шесто одделние и истите се користат во наставта од страна на учениците од трето и шесто одделение<br><br>Врз основа на изготвените мислења за ракописи за учебници за средно стручно образование ПС и МОН донесоа одлука за одобрување на учебници за нивно користење од страна на учениците од средно образование | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | предмети за стручно образование во соработка со ЦСОО.<br>По барње комисија формирана при МОН за одобрување на стручна литература изготвени се стручни мислења за сите доставени списанија и работни тетратки и стручна литература за наставници | | |
| 2. Анализирани барања за одобрувања проекти и истражувања во основно и средно образование | Врз основа на барање од МОН изготвени се стручни мислења од страна на советници од секторот за истражување за сите доставени проекти што се реализираат од страна на невладини организации и др. институции. | Изготвените мислење им користат на МОН за изготвување на одговор за одобрување за спроведување на проктите во основно или средно образование | |
| 3. Спроведени истражувања за унапредување на значајни аспекти на основното и средното образование | Споведено е Истражување на реализација на слободни изборни предмети во основно образование.<br>Истражувањето е спроведено со цел да се обезбедат одговори на прашања:<br>Да се согледаат искуствата на наставниците од реализацијата на слободните изборни предмети за да се идентификуваат потребите, предизвиците и придобивките во врска со нивната реализација<br>Да се согледаат перцепциите на наставниците во врска со значењето на слободните изборни предмети и нивната спремност да | Препораките од истражувањето дваат насоки за подбрување на наставта по слободните изборни предмети и претставуваоснова за подобрување на насоките за организација и реализација на слободните изборни активности и слободните изборни предмети. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реализираат слободни изборни предмети<br>Да се согледаат перцепциите на учениците во врска со значењето на слободните изборни предмети и користа од нивната реализација<br>Во истражувањето беа вклучени 119 основни училишта од 56 општини, што претставува 34,7% од вкупниот број основни училишта на територијата на државата.<br>Со истражувањето беа опфатени **4783 наставници** од вклучените основни училишта кои изведуваат настава во вториот и третиот период на основното образование (од IV до IX одделение)<br>Во истражувањето беа вклучени **4909 ученици** од од VIII и една од IX одделение од секој наставен јазик застапен во основни училишта вклучени во примерокот<br>За да се обезбедат податоци поврзани со зацртаните цели на истражувањето, конструирани беа три прашалника – еден за учениците и два за наставниците.<br>Прашалникот наменет за учениците<br>Прашалник за наставници-реализатори | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Прашалник за наставници-потенцијални реализатори<br>Протокол за фокус групи<br>Изготвен е извештај со резултатите од истражувањето и со заклучоци и препораки што ке биде поставен на веб страна БРО | | |
| 4. Спроведени научно истражувачки проекти од областа на ССО | Во соработак со ХЕРА реализирани се три средби со наставници и родители од основни училишта од четри општини и тоа; Кавадарци, Центар – Скопјке, Гостивар за презентирање на програма за слободен изборен предмет ССО. | Сезибилизација на популација наставници и родители за придобивките од спроведувањето на програмата за ССО со ученици од девето одделени во основно образование . | |
| 5. Реализирана Програма за заштита на потрошувачите | 1. По повод 15. март Светскиот ден на правата на потрошувачите организиран и реализиран ликовниот конкурс за деца од детските градинки и учениците од основните и средните училишта во државата со кој што се одбележаа правата на потрошувачите во 2023 година под мотото „Зајакнување на потрошувачите преку премин кон чиста енергија“. Целта на ликовниот конкурс беше децата и учениците преку ликовна творба да го изразат своето критичко размислување по однос на правата и обврските на потрошувачите со акцент на | Доделени сертификати и награди за ученици учесници во ликовен натпревар за зачувување на животната средина<br><br>Доделени сертификати на обучени наставници и ученци од 17 средни училишта за значањето на финасиската едукација и законите и подзаконските акти поврзано со заштита на потрошувачите.<br><br>Доделени сертификати на обучени воспитувачи и стручни соработници од јавни детски градинки од Скопје за Детски играчки – здравјето и безбедноста на децата“. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | зачувување на животната околина, а со тоа и на планетата Земја.<br>Ликовниот конкурс беше реализиран во 4 (четири) категории:<br><br>" Тема: „СОНЦЕ, ВЕТЕР И ВОДА – НАШАТА ЗЕЛЕНА ПЛАНЕТА“ наменето за децата од детските градинки на возраст од 4-65 година. Пристигнаа вкупно 93 ликовни творби од 32 детски градинки во државата.<br>" Тема: „ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА ЗА ЗЕЛЕНА ПЛАНЕТА“ наменета за ученици од основното образование (одделенска настава) од прво до петто одделение. Пристигнаа 145 ликовни творби од 58 основни училишта.<br>" Тема: „НИЕ СМЕ ЗЕЛЕНА ГЕНЕРАЦИЈА КОРИСТИМЕ ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА“ наменета за ученици од основното образование (предметна настава) од шесто до деветто одделение. Пристигнаа 94 ликовни творби од 41 основно училиште.<br>" Тема: „ОДРЖЛИВА ПОТРОШУВАЧКА И ЗЕЛЕНАТА ЕНЕРГИЈА“ наменета за ученици од средните училишта, од прва до | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | четврта година. Пристигнаа 30 ликовни творби од 13 средни училишта.<br><br>Доделени се прва, втора и трета награда за секоја категорија одделно.<br><br>2. Реализирана работилница (8-9.11.2023 година во Клуб на органите на управата во Скопје ) за наставници и ученици од средните училишта во Скопје на тема „Запознавање со одредбите од новиот Закон за заштита на потрошувачите“. Во рамки на работилницата, која што беше интерактивна, наставниците и учениците од пријавените 17 средни училишта (вкупно 17 наставници и 35 ученици) се запознаа со правата на потрошувачите коишто се загарантирани со Закон, за потрошувачите односи, продажните поттикнувања, нечесните трговски пракси, дигиталните содржини и дигиталните услуги, обврските на трговците коишто даваат јавни услуги, правата и обврските како корисници на комуникациски услуги и постапки во решавање на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | спорови, како и за постапката за остварување на заштитата на правата на потрошувачите.<br>По завршување на работилницата учесниците (наставниците и учениците) се стекнаа со сњртификат за учество.<br><br>3. Реализирана работилница (20.11.2023 година во ЈУОД Градинка „Орце Николов“, објект „Ѕвездички“ – Карпош 4 во Скопје) за воспитувачи од детските градинки од Скопје на тема „Детски играчки – здравјето и безбедноста на децата“. На работилницата зедоа учество вкупно 44 воспитувачи и 2 директорки на детски градинки. Воспитувачите се запознаа со правата на потрошувачите коишто се загарантирани со Закон, како и за постапката за остварување на заштитата на правата на потрошувачите. На работилницата особено се стави акцент на производите наменети за децата – детските играчи, односно за користењето на играчките во едукативниот процес, но и за правилниот избор на детска играчка која не ја загрозува безбедноста и здравјето | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на децата. На воспитувачите им беше дадена и практична задача да изработат едукативни и безбедни играчки, како и постер и флаер со кои би ги информирале родителите/старателите на децата како да направат правилен избор на детска играчка.<br>По завршување на работилницата учесниците се стекнаа со сњртификат за учество. | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2023** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **Нема** | | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1. Ревидирана Концепција за воннаставни активности во основното образование | Недоволно обезбедени средства во буџетот на секторот | / | Да се реализира во 2024 година |

| Назив на потпрограмата 5:<br><br>Континуиран професионален развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование | | Цел на потпрограмата:<br><br>Подобрување на компетенциите на воспитно – образовниот кадар | Одговорен:<br><br>Сектор за професионален развој на воспитно образовниот кадар и советодавна стручна работа |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Изработена Методологија и инструменти за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници | Ревидирано Упатство за вршење стручен увид,советодавна стручна работа,како и инструктивно менторска помош на воспитно-образовниот кадар во образовните установи во делот на:<br>-Насоки за ефективно набљудување на наставен час/воспитно-образовни активности<br>-Извештај за посета на час<br>-Инструменти за реализирање советодавно-стручна работа(посета на час) | Инструментот е соодветен на новата концепција за основно образование која до сега се реализира од I-VI одд. А од VII-IX одд. може да се користи стариот инструмент | Обезбедување средства во буџетот за ангажирање надворешни експерти за изготвување нов целосен инструмент |
| 2. Реализирани обуки со наставници и стручни соработници од основните училишта на тема/и по направен избор од Каталогот | - Во периодот јуни-август 2023 година, реализиран е **втор циклус обуки** со наставниците и стручните соработници **од основните училишта.** Обучени се **вкупно 14 495 учесници** или | Зајакнување на компетенциите на наставниците и стручните соработници согласно нивниот личен план за професионален развој, како и остварување на законски пропишаниот број на часови за обука | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на акредитирани програми за обука | поточно **13 744 наставници и 751 стручни соработници.** Темата за обука е согласно направениот избор на наставниците и стручните соработници од Каталогот на акредитирани програми за обука на наставници, односно стручни соработници. Обуките се реализираа од страна на акредитираните понудувачи на обуки и услуги. Обуките се одвиваа на македонски, албански и турски јазик во времетраење од 8 часа, а се реализираа во еден или два дена. | од акредитирани понудувачи на обуки и услуги на воспитно - образовниот кадар од основните училишта.<br>Со вториот циклус на обуки наставниците/стручните соработници од основните училишта досега имаат вкупно 16 часа обуки од акредитирани понудувачи во последните две година.<br>Средствата за реализација на обуките се обезбедени преку Светска Банка – Проект за унапредување на основното образование.<br>- Обучените наставници/стручни соработници добиваат сертификат за следена обука кој можат да го приложат како доказ во нивното професионално досие и можат да го користат при нивниот кариерен развој. | |
| 3. Акредитирани програми за обука и акредитирани понудувачи на услуги за обука на наставници и стручни соработници во основните и средните училишта | -Во месец јануари 2023 година изработена е предлог - Програма за стручно усовршување на наставниците од основните и средните училишта за 2023 година од страна на БРО, ДПИ и ЦСОО и предлог – Програма за стручно усовршување на стручните соработници од основните и средните училишта за 2023 година. Програмите се доставени во МОН и усвоени од Министерот за образование и наука. | Според усвоените Програми од страна на МОН, се реализира стручното усовршување на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта преку акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги.<br>Акредитацијата на програми зависи од расположивиот буџет на Бирото за професионален развој на воспитно-образовниот кадар.<br>Програмата за стручно усовршување на наставниците за 2023 година е достапна на следниот линк: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Во октомври 2023 година донесена е одлука од директорот на Бирото за распишување јавен оглас за обука за наставниците од средните училишта (наставници кои реализираат настава во гимназиското образование, уметничкото образование, спортската академија и училиштата за образование на ученици со попреченост<br>- Во периодот октомври-декември 2023 година спроведена е постапка за акредитација на програма за обука и понудувач на услуги, односно формирана е Комисија за избор, распишан е на јавен оглас, извршена е евалуација на доставените пријави од страна на Комисијата, изработен е извештај од евалуацијата со ранг листа и предлог за избор на најповолен понудувач, донесена е одлука за избор и донесено е Решение за акредитација на програма за обука и понудувач на услуга за обука на наставници во средните училишта.<br><br>-Акредитирана е програмата за обука на тема: **„Начини на превенција и справување со насилството во училиштата“** | https://mon.gov.mk/content/?id=6200<br><br><br><br>Во 2023 година расположивите средстав во буџетот на Бирото на ставката за професионален развој се наменија за наставниците во средните училишта, со оглед на тоа што во основното образование се обезбедени средства од проектот за подобрување на основното образование на Светска Банка. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Во декември 2023 година, о**бучени се вкупно 2 925 наставници** кои реализираат настава во гимназиското образование, уметничкото образование, спортската академија и училиштата за образование на ученици со попреченост. | | |
| 4. Мониторинг на услугите на акредитираните установи, институции и други правни лица, во однос на квалитетот и извршувањето на услугите според утврдените рокови | - Во периодот од јуни до август, од страна на формирани тимови за следење на акредитирана обука, беа **мониторирани вкупно 74 групи на обуки на наставници/стручни соработници во основното образовани.**<br>-Во месец декември 2023 година **во средното образование беа мониторирани 11 групи на обуки** на наставници, од страна на тимови на Бирото за следење и евалвација на обуката која се реализираше во средното образование | Со цел мониторирање на квалитетот на обуките, обучувачите и целокупната организација на обуките кои ги реализираат акредитираните понудувачи на услуги, Бирото формира тимови за следење и евалуација на истите. (согласно Правилник се следат 10% од бројот на обуките кои се реализираат по програма);<br><br>Секој тим доставува пополнет формулар со оценка на квалитетот на реализираните обуки и врз основа на истите изготвен е резимиран извештај од спроведената евалуација на обуките во основното образование и резимиран извештај од спроведената евалуација на обуките во средното образование. | |
| 5. Изработен, дополнет и објавен Каталог на акредитирани програми за обука на | - За средно образование за обука на наставници кои реализираат настава во гимназиското | Целта на изработка и дополнување на Каталогот на акредитирани програми е да им се понуди поголем избор на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставници/стручни соработници во основните, односно средните училишта | образование, уметничкото образование, спортската академија и училиштата за образование на ученици со попреченост<br>во 2023 година акредитирана е програма за обука на тема: **„Начини на превенција и справување со насилството во училиштата**“ и понудувачот на услуги Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С. ДООЕЛ, Скопје. | теми за обука од различнми подрачја на компетенции на наставниците, односно стручните соработници.<br>Каталогот на акредитирани програми на обука за наставниците во Основните училишта е достапен на следниот линк:<br>https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Akreditirani-obuki-MK.pdf<br>Каталогот на акредитирани програми на обука за Стручните соработници во Основните училишта е достапен на следниот линк:<br>https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/11/Каталог-за-стручни-соработници-македонски.pdf | |
| 6. Спроведени активности за кариерен развој на наставници/стручни соработници за напредување по звање. | -Во периодот април-мај, вкупно **32 кандидати за наставници – ментори се следени и вреднувани од страна на Бирото** и за истите е доставена оценка за исполнетост на професионалните стандарди за наставник – ментор до Министерство за образование и наука. | По доставено барање од МОН и листа на кандидати кои се пријавиле на јавен повик до наставниците во основните училишта за напредување во звање наставник-ментор, Бирото согласно Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник – ментор и наставник – советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работење на комисиите, ги следи и ја вреднува | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | работа на пријавените кандидати за наставници-ментори. | |
| ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2023 | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| НЕМА | | | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **1.** Реализирани советодавни стручни посети за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници | Заради малиот број на советници во БРО а зголемен обем на работа во делокругот на другите сектори која по одлука на раководството беше поприоритетна во периодот кога беа планирани советодавните стручни посети,немаше можност за реализирање на истите | Немање увид за работата на настаниците при планирањето и реализацијата на новите наставни програми во основното образование од I-VI одд. | |

| **Назив на потпрограмата 6:**<br><br>**Следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за следење и евалуација на постигнувањата на учениците и наставниците |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Изготвени инструменти за самоевалвација | Мерката е делумно спроведена во рамки на ПЕИП проектот и се пилотира во единаесет основни училишта. | Подбрување на процесот на самоевалвација и на основното образование. | |
| 2. Реализирани обуки на директори, стручна служба и наставници за спроведување на процесот на самоевалвација | Мерката е делумно спроведена во рамки на ПЕИП проектот и реализирани се обуки со директори, стручна служба и наставници во единаесет основни училишта. | Подбрување на процесот на самоевалвација и на основното образование. | |
| 3. Поддршка на меѓународно ТИМС тестирање во 2023 година | Подготовка на обуки за сите наставници од избраните 150 училишта кои ќе бидат опфатени со ТИМСС 2023 тестирањето, изготвување на презентација и конкретни задачи и примери за наставата во четврто одделение како и дидактичко-методски насоки за реализација на наставата за развивање на вештини за критичко размислување и решавање проблеми. | Пружана е поддршка и менторство на наставниците за реализирање поуспешна настава во насока на развивање на вештини на 21 кај учениците од основно образование. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Посетени 74 училишта од страна на советници од Бирото за развој на образование. Посетени наставни часа по математика 122 и по природни науки 125. | | |
| 4. Поддршка на пробно национално оценување во 2023 година | Реализирани се 24 посети на училишта во текот на месец октомври за национално пред тестирање. | Мониториран е процесот на тестирање и извршен увид во решавањето задачи од страна на учениците со цел планирање идни активности за поддршка на наставниот кадар. | |
| 5. Поддршка во процесот на Државната матура 2023 година | Реализирани се обуки за набљудувачи на процесот на државна матура. Реализиран е планот за мониторинг на испитите, ангажирани 105 советници во процесот за следење на државната матура за двата испита. | Обезбедена е поддршка за успешно спроведување на двата испита на државна матура и добивање навремени и релијабилни резултати. | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2023** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Анализа на ПИРЛС 2021 резултати | **Показател за успешност:** Изработена анализа **Појдовна основа:** Закон на БРО | Реален увид во состојбата и преземање идни активности за подбрување на резултатите. | |
| 2. Верификација на наставни програми и планови во ЕМИС | Функционален ЕМИС, ажурирани и верифицирани наставни програми и планови за основно, гимназиско и уметничко образование како и за ученици со посебни потреби. Внесени и верифицирани нови програми за 3 и | Овозможување електронска евиденција на образовните процеси во учебната 2023/2024 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 6 одделение и за 4 година на МИГ. Верифицирани сите наставни планови за основно гимназиско и уметничко образование како и за ученици со посебни потреби. http://emis.mon.gov.mk/home.seam | | |
| 3. Одобрување на годишни програми за екскурзии на основни и средни училишта | Разгледани се и одобрени околу 150 годишни програми за екскурзии. | Подобрување на реализација на содржините за екскурзии. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1. Изготвени насоки и инструменти за објективно оценување | Мерката не е спроведена заради недостаток на надворешен консултант. | Можно намалување на квалитетот на образование. | Во најскоро време да се обезбедат средства и надворешен консултант. |
| 2. Реализирани обуки на директори, стручна служба и наставници за користење на упатство за објективно оценување | Мерката не е спроведена заради недостаток на надворешен консултант. | Можно намалување на квалитетот на образование. | Во најскоро време да се обезбедат средства и надворешен консултант. |
| 3. Поддршка на ПИСА 2025 тестирање | Мерката е одложена заради за 2024 заради зголемен обем на обврски во други сектори. | Можност за послаби одговори и добивање пониски резултати. | |

| Назив на потпрограмата 7:<br><br>**Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Испечатена и дистрибуирана педагошка документација и евиденција за основно и средно образование и поставени онлајн курсеви и национална платформа за дигитални игри** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за издавачка дејност |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Испечатени и дистрибуирани обрасци на педагошката евиденција и документација за основно и средно образование (на македонски, албански, турски, српски и босански јазик) | 1. Изработени и доставени прегледи за дистрибуција на педагошката евиденција и документација за:<br>- основно образование - 2 (два) за учебните 2022/2023 и 2023/2024 години,<br>- средно образование - 4 (четири) за учебните 2022/2023 и 2023/2024 години.<br>2. Изработени и доставени порачки за печатење и дистрибуција на педагошката документација и евиденција за основно и средно образование во | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | согласност со 6 (шестте) прегледи.<br>3. Изработени и доставени порачки за печатење и дистрибуција на педагошката документација и евиденција за основно и средно образование во согласност со потребите и побарувањата од магацинот на Бирото.<br>4. Реализирани - 3 (три) дистрибуции на педагошка евиденција и документација за основните и средните училишта и следење.<br>5. Тековно издадена, потребна и побарана педагошка документација и евиденција за основно и средно образование од магацинот на Бирото. | | |
| 2. Прибирани и ажурирани бази на податоци од основни и средни училишта | 1. Изработено и доставено задолжение до вработени во БРО.<br>2. Изработени и доставени барања податоци за учебната 2023/2024 година до директорите на основните и средните училишта - 2 (две). | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3. Изработени и доставени табели:<br>- 6 (шест) за основно образование за учебната 2023/2024 година и<br>- 6 (шест) за средно образование за учебната 2023/2024 година.<br>4. Прибирани, ажурирани, ревидирани и проверени податоци за бројот на паралелките, бројот на учениците и општи податоци за контакти со основните и средните училишта за учебната 2023/2024 година – 6 (шест). | | |
| 3. Изработен Предлог Издавачки план за 2024 година | 1. Обработени податоци за пријавените кандидати за полагање државна матура за учебната 2022/2023 година.<br>2. Обработени податоци за бројот на паралелките и бројот на учениците за основните и средните училишта за учебната 2023/2024 година – 4 (четири).<br>3. Изработени планови за дистрибуција на педагошката документација за: | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - основно образование - 9 (девет) за учебните 2023/2024 и 2024/2025 години,<br>- средно образование – 5 (пет) за учебните 2023/2024 и 2024/2025 години.<br>4. Изработен преглед за споредба на<br>обрасци од педагошка евиденција и документација за 2021, 2022 и 2022 година.<br>5. Изработени и доставени Предлог-Издавачки планови<br>за 2024 година до директорот – 2 (два). | | |
| 4. Испечатена и издадена стручна литература (прирачници, упатства, публикации, извештаи од истражувања, извештаи од анализи и сл.) и научно стручно списание | - публикација:<br>„**Наставниците како фактор за интеркултурно образование** развој на интеркултирните компетенции кај наставниците од основното образование“ на македонски и албански јазик | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2023** | | | |
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **планираниот резултат на годишно ниво** | | |
| НЕМА | | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1. Изработени обрасци за педагошка документација и евиденција за основно образование со превод (на албански, турски, српски и босански јазик) | Не е реализирано | | |
| 2. Обука на советници од БРО за развивање на дигитални содржини | / | / | / |
| 3. Поставување, одржување и збогатување на националната веб-платформа за дигитални содржини и материјали за воспитувачи, наставници во одделенска настава и за родители | / | / | / |
| 4. Зголемен фонд на стручна литература во библиотека на БРО | Нема зголемен фонд на стручна литература. | | |

| *1.2 Мерки и активности кои произлегуваат од работата на Бирото за развој на образованието*<br>***Заеднички функции*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорен** | **Спроведено** | **Неспроведено** | **Коментар** |
| **1.** Стратешки план на Бирото за 2023-2025 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Стратешкиот план на Бирото за периодот 2023-2025 е објавен на веб сајтот од Бирото:<br><br>www.bro.gov.mk |
| **2.** Годишен план за работа на Бирото за 2023 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Годишниот план за работа на Бирото за 2023 година е објавен на веб сајтот од Бирото:<br><br>www.bro.gov.mk |
| **3.** Нацрт Стратешки план за 2024-2026 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Нацрт-стратешкиот план на Бирото за периодот 2024- 2026 е изработен и доставен до МФ и до ГСВРСМ. |
| **4.** Извештај за спроведување на ГПР на Бирото за 2022 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Извештајот за спроведување на ГПР на Бирото за 2022 година е објавен на веб сајтот од Бирото: www.bro.gov.mk |
| **5.** Акт за систематизација на работните места (консолидиран текст) усогласен со одредбените од Законот за вработените во јавниот сектор | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Направен е консолидиран текст на Актот за систематизација, но за интерна употреба. |
| **6.** Годишен план за вработување за 2024 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Годишен план за вработување за кој е добиена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | согласност од МФ, МПСОЗ и МИОА. Со Годишниот план за 2024 година предвидени се 7 вработувања и 9 унапредувања |
| **7.** Полугодишен извештај (јули-декември 2022) за реализација на годишниот план за вработување за 2022 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Полугодишен извештај (јули-декември 2022) за реализација на годишниот план за вработување за 2022 година и истиот е доставен до МИОА. Реализирани сите во 2023 година (јануари-март) и тоа 7 унапредувања (6 жени и 1 маж) и 9 вработувања (6 жени и 3 мажи). |
| **8.** Полугодишен извештај (јануари-јуни 2023) за реализација на годишниот план за вработување за 2023 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Полугодишен извештај (јануари-јуни 2023) за реализација на годишниот план за вработување за 2023 година и пратен до МИОА. Не се реализирани унапредувања и вработувања со Планот за 2023 година во првото полугодие. |
| **9.** Годишниот план за обуки за административните службеници на Бирото за 2024 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Годишниот план за обуки за административните службеници на Бирото за 2024 година и пратен до МИОА |
| **10.** Извештај за реализација на годишен план за обуки за административните службеници на Бирото за 2023 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Извештај за реализација на годишен план за обуки за административните службеници и пратен до МИОА |
| **11.** Извештај со ранг-листа на годишни оценки за сите оценети | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвена е ранг листа на годишни оцени на административните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| административни службеници во институцијата за претходната година | | | | службеници и пратена до МИОА |
| **12.** Извештај за работата на Бирото, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост) | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Годишниот извештајот на БРО за напредокот на состојбата на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година е изработен и истиот е објавен на веб страницата на Бирото: www.bro.gov.mk |
| **13.** Годишен извештај за изречените мерки за утврдени дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници на Бирото за претходната година | Одделение за човечки ресурси | | ✓ | За 2023 година немаше изречени дисциплински мерки на вработени од БРО |
| **14.** Внатрешна распределба на вкупно одобрен буџет за 2023 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвено е Решение за поделба на вкупно одобрен буџет за 2023 година, истото е доставено до МФ и дадено на лицата овластени за преземање финансиски обврски. |
| **15.** Решенија за генерални овластувања | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвени се решенија и доставени до МФ и до лицата овластени за преземање на финансиски обврски. |
| **16.** Годишен, квартален и месечен финанскиски план за 2023 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвен и спроведен. |
| **17.** Годишен финансиски извештај за 2022 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвен и доставен до МФ. |
| **18.** Завршна сметка за буџетската сметка, сметка за самофинансирачки активности и сметка за донации | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвена и доставена до институциите: МФ, ДЗР, ЦР и управа за приходи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. Контрола на доспеани финансиски обврски за плаќање, изготвување листа за проверка и плаќање | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Реализирано согласно пишаните процедури. |
| 20. Извештаи за ненамирени обрски | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Доставување до МФ до 10-ти во месецот |
| 21. Извештаи за пријавување на обврски, долгови и побарување | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Пријавување на обврски во МФ после склучување на договори за преземени финансиски обврски. |
| 22. Ребаланс на буџетот за тековната година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Реализирано согласно препораките и барањата од МФ. |
| 23. Предлог буџет за 2024, 2025, 2026, 2027 и 2028 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Навремено изготвен и доставен до МФ. |
| 24. Предлог буџетска пресметка согласно Нацрт стратешки план | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Навремено изготвена и доставена до МФ. |
| 25. Измени и дополнување на Законот за Бирото на образованието | Сектор за логистика | | ✓ | Законот за измена на Законот за Бирото е во процедура. |
| 26. Правилник за внатрешна организација | Сектор за логистика | | ✓ | Немаше измени во Правилникот за внатрешна организација на Бирото. |
| 27. Акт за ситематизација на работните места | Сектор за логистика | ✓ | | Се извршија измени на правилникот согласно потребите на Бирото. |
| 28. Јавен оглас за спроведување постапка за акредитирани и избор на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно - образовниот и раководниот кадар | Сектор за логистика | ✓ | | Постапката е спроведена и завршена. |
| 29. Јавен оглас за обезбедување услуги поврзани со истражување | Сектор за логистика | ✓ | | Постапката е спроведена и завршена. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30. Јавен конкурс за ангажирање на надворешни соработници | Сектор за логистика | ✓ | | Согласно потребите на секторите во Бирото беше спроведена постапка со јавен оглас за ангажирање на стручни лица за потребите на Бирото. |
| 31. План за јавни набавки | Сектор за логистика | ✓ | | Планот беше навремено доставен и беа спроведени ЈН согласно планот и законот. |
| 32. Законски и подзаконски акти | Сектор за логистика | | ✓ | Немаше донесено односно изработено некои значителни подзаконски акти. Потребните се веќе донесени претходно. |

## 3. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Образованието е еден од секторите што претрпува важни системски промени, како што се, промени во наставната технологија, пазарот на трудот, општествените односи. Образовните политики го нагласуваат развојот на образование кое им служи на најдобриот интерес на учениците и обезбедување квалитетно и еднакво образование за секој член на општеството, без разлика на етничката припадност, полот, социјалната положба и другите разлики.

Една од главните цели во образованието која се препознава и во новата Концепција за основното образование е да ги оспособи учениците да донесуваат правилни одлуки за сопствените интереси и за интересите на општеството.

Во овој контекст, Бирото е еден од клучните институции во промените на наставата и учењето и во обезбедувањето поддршка на сите чинители во образовниот систем.

За да се реализраат сите предвидени активности со Годишниот план за работа на Бирото за 2023 година беа ангажирани и значителен број надворешни соработници од универзитетите, од средните и основните училишта и од градинките. Реализирани се и значителен број вонпрограмски активности и задачи коишто не беа предвидени со планот за работа во тековната година. Исто така, значајна е соработката со повеќе меѓународни организации и институции кои ги поддржуваат реформите во образованието, владини и невладини организации, во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на образовните установи во нашата држава.

Заеднички предизвик ни беше да одговориме на промените што се случуваат, во вистинско време и со најефикасни механизми, секогаш водејќи грижа на квалитетот.

# 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Со цел да се даде јасен преглед на активностите на Бирото во периодот 2023 година, изготвен е овој извештај, кој претставува максимална посветеност за спроведување и исполнување на приоритетите на образовната политика во нашата земја.

Овој извештај го отсликува она што е постигнато во текот на 2023 година.

Активностите планирани и спроведени од Бирото за развој на образованието имаат за цел да дадат краткорочни и долгорочни решенија во различни области и аспекти на образованието за кои е надлежно Бирото за развој на образованието. Тие произлегуваат од мерките и активностите промовирани со Стратегијата за развој на образованието 2018-2025, Концепцијата за основно образование (2021) и приоритетите на владината образовна политика и потребите на образовната реалност во државата.

Согласно реализираните активности, може да се заклучи дека мерките и активностите на Бирото кои се предвидени согласно Стратешкиот план 2023-2025 година и Годишниот план за работа за 2023 година, во најголем дел се реализирани со планираната динамика и поставените рокови и во континуирана соработка и тимска работа на советниците и стручните соработници од сите сектори.

Надвор од планираните активности, дополнително Бирото спроведуваше и други активности, соработуваше и разменуваше искуства со организации и институции, асоцијации и фондации во Република Северна Македонија, како и со меѓународни организации и институции.

И во услови на реформите во основното образование се докажа дека Бирото за развој на образованието одговори на предизвиците и со својата работа и посветеност успеа да понуди решенија за справување со проблемите во училиштата и да даде насоки за непречено одвивање на наставата и учењето.

**Бр.01-259/4**
**25.01.2024 година**
**Скопје**

**В.д Директор**

________________________________

**Абдулфета Фетаи**